РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА УРБАНИЗАМ ГРАДЕЖНИШТВО
СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА
- Подрачна единица Кисела Вода -
Број 11-4552/2 од 2.06.1992 година
С К О П Ј Е

Секретаријатот за урбанизам и комунално станбени работи Ки ла Вода, согласно чл.13 од Одлуката за општинските органи на управата ("Сл. Гласник на град Скопје" бр.12/88), во врска со чл.1 од Одлуката за начинот на преземање на работите од општинските органи на управата ("Сл. Весник на СРМ" бр.1/91) а врз основа на чл.19 од Законот за изградба на инвестициони објекти ("Сл.Весник на СРМ бр.15/9о) и чл.2о2 од ЗОУП, издава

ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

1. СЕ ОДОБРУВА на Град Скопје како инвеститор да изгради Санитарна депонија за цврсти отпадоци -Дрисла, во КО Ракотинци и КО Батинци-место викано Дрисла, во Скопје, според инвестиционо техничката документација и важечките технички прописи, нормативните и задолжителните стандарди за изградба на такво вид објекти.

2. Денот на отпочнувањето на работите за градење на инвестиционият објект инвеститорот е должен да го пријави на овој Секретарија

3. Важноста на ова одобрение престанува ако во рок од 6 месеци од неговото добивање не се отпочне со изградба на објектот.

4. Одобрението за градење се издава за целиот објект согласно приложената инвестиционо-техничка документација (главниот технолошки проект со анексот и другите главни проекти за пратечките објекти).

5. По завршувањето на изградбата на инвестициониот објект инве ститорот е должен да побара да се изврши технички преглед на објектот од овој Секретаријат и доколку со истиот се утврди дека објектот е изгр ден согласно потврдената техничка документација како и согласно дадените услови од добиените согласности од надлежните органи, ќе се издаде решение за употреба на објектот.

6. Во смисла на чл.22 од Законот за основите за безбедноста на сообраќајот на патиштата, се задолжува работната организација што го гради објектот во рок од 15 дена пред почнувањето на работи да го извес ти Одделението за безбедност на сообраќајот на ГСВР-Скопје.

7. Ископаниот и земјен материјал да се транспортира во депонијата што ќе ја определи Градскиот комитет за урбанизам и комунално станбени работи, сообраќај и заштита на човековата околина.

О б р а з л о ж е н и е

Град Скопје од Скопје, поднесе барање Уп.бр.11-4552/1 од 23.о7.1991 година со кое бара одобрение за градење на санитарна депониј за цврсти отпадоци-Дрисла во КО Ракотинци и КО Батинци-место викано Дрисла.

Инвеститорот со барањето поднесе:

1. Инвестиционо техничка документација на која е вршена контрола од: Министерството за водостопанство, шумарство и земјоделие ЈКП "Комуналец", Градежен институт "Македонија", "Хидроелектропроект"-Скопје,

2. Решение за локација бр.22/88/91 од 22.о7.1991 год.

3. Решение за урбанистичка согласност бр.22/88/91 од 25.о7.91 г

4. Согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.12-25о9/4 од 3о.1о.1991 год.

5. Сообраќајна согласност бр.18-3722/1 од 2.11.1991 год.

6. Записник на регулациона, градежна и нивелациона линија издадена од Геодетска управа на град Скопје бр.11-П/426 од 31.1о.1991год.

7. Согласност за застапеноста на мерки за заштита од пожар издадена од ГСВР-Скопје бр.33-752о/1 од 24.1о.1991 год.

8. Решение за доделување на градежно земјиште на трајно користење на кое ќе се гради објектот број 12-262/1 од 22.о7.1991 год.

9. Електроенергетска согласност бр.2о/742 од 31.о7.1992 год.

1о. Потврда од ВП 3755 Скопје бр.176-194 од 25.о7.1991 год.

11. Потврда од РО Топлификација бр.8358/2 од 28.1о.1991 год.

12. Потврда од ПТТ бр.42о3/1 од 24.о7.1991 год.

13. Потврда од ООЗТ "Електро-Скопје" бр. 9/83о од 24.о7.1991 год.

14. Потврда од РО "Комуналец" 13-1334 од 25.о6.1991 год.

15. Согласност на дел од проектите што се однесуваат за заштита при работа бр.14-6175 од 11.11.1991 год.

16. Согласност од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.о8-231о/2 од 3о.1о.1991 и доказ за платен надомест за трајна пренамена на земјоделско, земјиште Упл. од 19.о5.1992 (согласно решение бр.12-6367/2 од 13.о5.1992 год.

17. Санитарна согласност бр.15-884 од 22.о8.1991 год.

18. Мислење за заштита на човековата околина бр.18-4289 од 5.11.1991 год.

19. Одобрение за приклучок на објектот со регионалниот пат, Р-1о4 делница Драчево бр.о9-23о6/2 од 6.о9.1991 год.

Секретаријатот за урбанизам и комунално станбени работи Кисела Вода го разгледа барањето со сите приложени списи и утврди дека се исполнети условите за издавање на одобрение за градење согласно чл.19 од Законот за изградба на инвестициони објекти ("Сл.Весник на СРМ" бр/9о год.) поради што одлучи како во диспозитивот.

Такса по тарифа бр.31 и тар. 32 од Законот за изменување на Законот за административни такси ("Сл.Весник на Република Македонија бр.7/92) е наплатена во износ од 2000,оо ден. во таксени марки.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одобрение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот преку овој орган до Комисијата на Влада Република Макеоднија. Жалбата се таксира со 200,оо денари во таксени марки согласно Законот.

ПОСТАПКАТА ЈА ВОДЕЛ
ВИШИ РЕФЕРЕНТ

Рада Филиповска дипл.инж.арх.

СЕКРЕТАР,

Марица Тасова дипл.инж.арх.